Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 2482/2022
Дата 16 -03- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип.**

Површината на планскиот опфат изнесува 40,6 ha, но истиот треба да се намали за сметка на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес, со тех. бр. Y33510, која траса поминува низ планскиот опфат за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани.

Предметниот опфат се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за Урбанистички проект за слободна економска зона локалитет Три Чешми, Општина Штип, со тех. бр. Y00207.

Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот за:

-Проект за инфраструктура за изградба на инфраструктурни објекти (водовод, фекална и атмосферска канализација) надвор од ТИРЗ Штип, со тех.бр.Y16811;

-Проект за инфраструктура за реконструкција на далековод ТС Овче Поле-ТС Штип, со тех. бр. Y07113.

-Поставување на среднонапонски 10(20) кV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви Дол и КО Сарчиево, Општина Штип, со тех. бр. Y08922.

Согласно приложениот Имотен лист бр. 356, планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште-пасишта од V класа .

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y47822** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Просторот на кој се предвидува изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во пошироката или III(трета) заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) на експлоатациони бунари "Фортуна", "Штипско Езеро" и "АРМ" од каде се водоснабдува градот Штип. При реализација на проектот и експлоатација на електраните да се почитува режимот на заштита во заштитените зони на бунарите дефинирани со "Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење".

6 . Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 46231 од 30.09.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип. Површината на предметниот опфат изнесува 40,6 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 2482/2022 од 22.12.2022 година**.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани со предвидена моќност над 10 MW, на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**

**Каја Шукова**

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска